ЗАПИСНИК

Од одржаната 28-ма седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 24.04.2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присуствуваа сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска – Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Александар Канзуровски, Иванчо Котевски, Љупчо Петровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Оливера Димитровска - раководител и Николина Лозановска – советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 27-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2023 г.;
3. Разгледување и усвојување на Извештај - преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 г.;
4. Разгледување и донесување на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 г.;
5. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за изработка на урбани планови на територијата на Општина Новаци за 2023 г.;
6. Разгледување и донесување на Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци;
7. Разгледување и усвојување на Програмата за начинот на изведување на училишни ексурзии и други слободни активности за учебната 2022/2023 година на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учениците од III (трето), VI (шесто) и IX (деветто) одделение;
8. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;
9. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Установата ОУ „Славко Лумбарковски“ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;
10. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ „Бамби“ – Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;
11. Разгледување и усвојување на Извештај од Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР при советот на Општина Новаци по објавен јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно - уметнички друштва, верски заедници и сл. од буџетот на Општина Новаци;
12. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на преставници од Општина Новаци во Општина Хрпелје - Козина, Република Словенија;

13. Разгледување на Барање од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола за финансиска поддршка во организирање на отворен ден под мотото „УКЛО со пријателите - нови перспективи“;
14. Советнички прашања.

Дополнување: 4 (четири) барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

1. Лена Апостолова од с. Рибарци (бр. 03-13/73 од 12.04.2023 г.), лице со здравствени проблеми;
2. Томе Атанасовски од с. Маково (бр. 03-13/71 од 05.04.2023 г.), лице со здравствени проблеми;
3. Виолета Јовановска од с. Бач (бр. 03-13/56 од 04.04.2023 г.), за нејзиниот син Антонио, лице со посебни потреби;
4. Горан Стојчевски од с. Далбеговци (бр. 03-13/38 од 17.03.2023 г.), за неговата ќерка Анабела Стојчевска, за посебни достигнувања во женскиот фудбал.

Пред гласање на Дневниот ред на 28-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска-Стојковска им предложи на советниците да не се разгледуваат точките бр. 9 и бр.10 и воедно да се дополни Дневниот ред со 1 (една) точка која поради својата итност, неодложно треба да се разгледува на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за набавка на косачки за трева за потребите на Основното општинско и подрачните училишта на ,,Славко Лумбарковски“ - Новаци.

Претседателката на Советот Славица Најдовска - Стојковска предложи изменување и дополнување на Дневниот ред, така што првичниот Дневниот ред кој беше составен од 14 точки се намалува за 2 точки и се дополнува со нови 5 точки.

На тој начин Дневниот ред на 28-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 17 точки, со тоа што точката бр. 14: Советнички прашања, преминува во точка бр. 17.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 28-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **9 гласа за.**

1.точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 27-та седница на Совет на Општина Новаци**;**

По разгледувањето, Записникот од 27-та Седници беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2.точка: Разгледување и донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2023 г.;

По однос на втората точка, објаснување на Програмата даде Летка Јовановска – раководител, која пред советниците потенцираше дека Програмата се однесува на уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина. Новина во Програмата е поставување на фотоволтаични канделабри кои ќе се постават по должината на регионалниот пат од селата Горно и Долно Агларци до селото Далбеговци со максимална висина од 3,50 м.

По кратката дискусија Советот гласаше со **9 гласа за** донесе Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2023 г.

3.точка Разгледување и усвојување на Извештај - преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 г.;

Советот на Општина Новаци, го разгледа Извештајот во кој се наведени сите реализирани активности согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 г. за чија реализација беа обезбедени вкупно 11.348.876,56 денари од Буџетот на Општина Новаци за 2022 г. и Агенцијата за државни патишта.

Советот гласаше со **6 гласа за и 2 гласа против** (советникот Иванчо Котевски во моментот на гласањето не беше присутен) го усвои Извештајот - преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 г.;

4.точка: Разгледување и донесување на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 г.;

По однос на четвртата точка, советниците добија информација дека оваа година според Програмата во 2023г., ќе се реализираат соодветни активности во следните села на локалната патна мрежа: Брод, Грумази, Гермијан, Бач, Добровени, Рибарци и Новаци. Советникот Љупчо Петровски зеде збор и му предложи на Советот, во Програмата да се направи дополнување за изградба на локална улица во с. Горно Агларци со должина од 350,00 м².

Претседателката Најдовска–Стојковска ја стави Програмата на гласање заедно со дополнувањето кое се однесува на изградба на локална улица во с. Г. Агларци, така што Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 г.;

5.точка: Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за изработка на урбани планови на територијата на Општина Новаци за 2023 г.;

По однос на оваа точка, Советот ја разгледа Програмата, но констатира дека е потребно да се направат некои измени од техничка природа. Поради тоа Претседателката Најдовска-Стојковска им предложи на советниците донесувањето на оваа Програма да се одложи за наредна седница.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** го прифати предлогот на Претседателката Најдовска-Стојковска за одлагање на донесување на Програмата за изработка на урбани планови на територијата на Општина Новаци за 2023 г.;

6.точка: Разгледување и донесување на Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци;

Советот ја разгледа Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци, со посебен осврт на спомен обележје посветено на 30 - те Мантуанските војници на кота 1050 од Првата светска војна.

По кратката дискусија Советот со **9 гласа за** ја донесе Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци.

7. точка: Разгледување и усвојување на Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности за учебната 2022/2023 година на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учениците од III (трето), VI (шесто) и IX (деветто) одделение;

По однос на седмата точка, Советот доби информација дека ООУ „Славко Лумбарковски“ следејќи ја законската регулатива ја доставува Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности за учебната 2022/2023 година до Советот на Општина Новаци за добивање на позитивно мислење по претходно добиено позитивно стручно мислење од Бирото за развој на образованието.

Советот на Општина Новаци гласаше пооделно и со **9 гласа за** донесе 3 (три) одделни Мислења за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од трето, шесто и деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2022/2023 година

8.точка: Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;

По однос на деветта точка збор зеде Оливера Димитровска - раководител на финасии, која пред советниците детално го презентираше првиот Квартален извештај (од 01.01.2023 до 31.03.2023 г.) при што потенцира дека приходите во овој квартал се поголеми во однос на предвидувањата, поради достава на заостанатите приходи кои требаше да бидат испорачани во крајот на 2022 г. Во овој период остварено е 60% од предвиденият буџет и затворени се трошоци во вкупен износ од 40.000.000.00 ден. Во овој период започна и отплатата на кредитот со кој се набави механизацијата наменета за ЈПКД „Комунална хигиена“ по завршувањето на тригодишниот грејс период. Овој кредит ќе се враќа 2 пати годишно (март и октомври) во период од 10 години, поточно до 2033 год.

По разгледувањето, Советот на Општина Новаци гласаше, со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** го усвои Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;

9.точка: Разгледување и усвојување на Извештај од Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР при советот на Општина Новаци по објавен јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно - уметнички друштва, верски заедници и сл. од буџетот на Општина Новаци;

Претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Славица Најдовска – Стојковска го достави Извештајот на разгледување до Советот на Општина Новаци. Во Извештајот како финален документ се наведени сите 53 барателиот кои доставиле апликативни формулари за учество на Јавниот повик и воедно се наведени и поединечните резултати кои Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР ги доби при нивното разгледување.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** го усвои Извештај од Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР при советот на Општина Новаци по објавен јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани,

фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно - уметнички друштва, верски заедници и сл. од буџетот на Општина Новаци.

10.точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на преставници од Општина Новаци во Општина Хрпелје - Козина, Република Словенија;

Градоначалникот Стевановски го информираше Советот на Општина Новаци за планираната возвратна посета на Општина Хрпелје - Козина од Р. Словенија како резултат на заедничка долгогодишна соработка. Посетата е планирана да се реализира во втората половина од месец мај со делегација т.е претставници од Советот на Општина Новаци и општинската администатација.

Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на преставници од Општина Новаци во Општина Хрпелје - Козина, Република Словенија.

11.точка: Разгледување на Барање од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола за финансиска поддршка во организирање на отворен ден под мотото „УКЛО со пријателите - нови перспективи“;

Советот го разгледа Барањето од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола за организирање на традиционалниот отворен ден. Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР предлага висината на финансиската поддршка да изнесува 15.000,00 ден.

Советот на Општина Новаци, го прифати предлогот така што **едногласно** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Универзитет ,,Св. Климент Охридски“ - Битола во висина од 15.000,00 ден.

12.точка: Разгледување на Барање од Лена Апостолова од с. Рибарци (бр. 03-13/73 од 12.04.2023 г.), лице со здравствени проблеми;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лена Апостолова од с. Рибарци во висина од 20.000,00 ден.

13. точка: Разгледување на Барање од Томе Атанасовски од с. Маково (бр. 03-13/71 од 05.04.2023 г.), лице со здравствени проблеми;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Томе Атанасовски од с. Маково во висина од 20.000,00 ден.

14. точка: Разгледување на Барање од Виолета Јовановска од с. Бач (бр. 03-13/56 од 04.04.2023 г.), за нејзиниот син Антонио, лице со посебни потреби;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Виолета Јовановска од с. Бач во висина од 20.000,00 ден.

15.точка: Разгледување на Барање од Горан Стојчевски од с. Далбеговци (бр. 03-13/38 од 17.03.2023 г.), за неговата ќерка Анабела Стојчевска, за посебни достигнувања во женскиот фудбал.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Горан Стојчевски од с. Далбеговци во висина од 10.000,00 ден.

16.точка: Разгледување на Барање од ООУ ,,Славко Лумбарковски“ - Новаци за набавка на косачки за трева;

Советот го разгледа барањето од ООУ ,,Славко Лумбарковски“ така што со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност за набавка на косачки за трева за потребите на Основното општинско и подрачните училишта на ,,Славко Лумбарковски,, - Новаци.

17. точка: Советнички прашања

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања, 28–та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____